Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 96, 15 февруари 2013 година

февруари 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Основи на финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот „Германско-македонски разговорник“ (практикум за предметот Германски јазик) од д-р Билјана Ивановска, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 7

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум за музичко образование и воспитание со методика - за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување“ од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Методика на наставата по музичко воспитување и образование“ за Одделенска настава од м-р Ангеле Михјаловски и м-р Ленче Насев, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Деловна комуникација“ од проф. д-р Еленица Софијанова, проф. д-р Маргарита Матлиевска и м-р Тамара Јованов-Марјанова, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Вовед во теорија на аудиопродукција“ од асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Антонијо Китановски од Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Водич низ пијанистичките техники“ од авторите асс. м-р Христо Стојаноски и проф. м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 18

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот скрипта „Просторно планирање“ од д-р Никола В. Димитров, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Техника и практични вежби за инструментот џез тапани” од доцент м-р Александар Секуловски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Интегрално производство на индустриски и фуражни култури“ од авторот доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 26

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ЗА МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ СО МЕТОДИКА - ЗА СТУДЕНТИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА И ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ“ ОД М-Р АНГЕЛЕ МИХЈАЛОВСКИ И М-Р ЛЕНЧЕ НАСЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010, 17/2011 и 51/2011 год.), а во согласност со точка 6 од Правила за издавање на учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 23, април 2012 год.), Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки – Штип на 25. седница одржана на 28.9.2012 донесе Одлука бр. 2102-385/13 за избор на рецензенти за издавање на учебно помагало/практикум по предметот Музичко образование со методика 2 за студентите од Одделот за одделенска настава во Штип и во Струмица.

За рецензирање на ракописот „**Практикум по музичко образование и воспитание со методика - за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување**“ од авторите доц. м-р Ангеле Михајловски и асс. м-р Ленче Насев, наменет за студентите од Одделот за одделенска настава и Одделот за предучилишно воспитување од прв циклус на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- вон. проф. д-р Илчо Јованов, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
- вон. проф. м-р Марјан Јанкоски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

По прегледот на приложениот ракопис, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот насловен со „**Практикум по музичко образование и воспитание со методика**“ од авторите доц. м-р Ангеле Михајловски и асс. м-р Ленче Насев е наменет за студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување од прв циклус додипломски студии, по предметот Музичко образование со методика 2. Тој се изучува во IV семестар од страна на студентите од предучилишно воспитување и во VI семестар од студентите од Одделенска настава, со неделен фонд на часови 2+2+2 и оптовареност од 8 кредити, согласно со Наставната програма од 2009/2010 и 2010/2011 год. на Факултетот за образовни науки на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Материјалот во учебното помагало/практикум од содржински и концепциски аспект ја следи студиската, а особено предметната програма на предметот Музичко образование со методика 2. Станува збор за материјал кој ќе претставува основна музичка литература во изучувањето на овој предмет. Во таа смисла, ова учебно помагало ќе им овозможи на студентите да се стекнат со практични музички знаења, умеења и навики.

Од приложениот ракопис генерално може да се издвојат два дела. Првиот (ритмички вежби) и вториот дел (мелодиски вежби) заедено претставуваат една логична заокружена целина. Изборот на музичките содржини во рамките на спецификата на методиката на наставата по музичко образование овозможува студентите да го развијат хармонскиот и мелодискиот слух, да се оспособат ритмички и мелодиски точно и чисто да пејат, а воедно да научат правилно да го користат гласовниот апарат.

Делот во кој се изложени ритмичките вежби се содржани: ритмички вежби со примена на четвртини ноти и паузи, ритмички вежби со примена на осмини ноти и паузи; ритмички

вежби со примена на шеснаестини ноти и паузи, вежби со употреба на неправилни ритмички групи (триоли, предтакт, синкопа). Усвојувањето на овие вежби претставува неопходен чекор за понатамошно правилно усвојување на мелодиските вежби.

За правилно мелодиско интонирање од исклучителна важност е познавањето и усвојувањето на интервалите. Од таа причина во рамките на материјалот се опфатени мелодиски вежби преку кои се изложени содржините: вежби со мелодиско движење во интервал од голема до мала секунда, вежби со мелодиско движење во интервал од голема до мала терца, вежби со мелодиско движење во интервал кварта, вежби со мелодиско движење во интервал квинта, вежби со мелодиско движење во интервал од голема до мала секста, вежби со мелодиско движење во интервал од голема до мала септима, вежби со мелодиско движење во интервал октава, мелодиски вежби во различни тоналитети со користење на повишени и снижени тонови, како и користење на различни ритмички елементи.

## З А К Л У Ч О К

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Музичко образование со методика 2, што го изучуваат студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување на Факултетот за образовани науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/практикум и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија предлага ракописот „Практикум по музичко образование и воспитание со методика" од авторите доц. м-р Ангеле Михајловски и асс. м-р Ленче Насев да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од Одделенска настава и Предучилишно воспитување во прв циклус додипломски студии на Факултетот за образовани науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Илчо Јованов, с.р.**
**Вон. проф. м-р Марјан Јанкоски, с.р.**